1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Предметна програма од прв циклус студии Транснационални компании и глобалната економија**		
2.	**Код**	**INT 440**		
3.	Студиска програма	Меѓународна трговија		
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел)	Економски факултет – Скопје Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје		
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус		
6.	Академска година /семестар	Четврта година/осми семестар	Број на ЕКТС- кредити	7.5
8.	Наставник	Проф. д-р Ирена Кикеркова		
9.	Предуслови за запишување на предметот			
10.	Цели на предметната програма (компетенции): Цел на предметната програма ТНК и глобалната економија е да им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочени знаења за функционирањето на Транснационалните компании и нивната улога во меѓународните синџири на вредноста. Студентите се запознаваат со специфичноста на функционирањето на Транснационалните компании и нивното влијание врз повеќе економски варијабли и институции, како во земјата-домаќин, така и во матичната економија. Со усвојувањето на сознанијата на оваа предметна програма, студентите ќе можат: - Да ги разберат детерминантите и мотивите на ТНК за нивното функционирање во глобалната економија и во глобалните синџири на вредноста; - Да ги разбираат стратегиите за влез и експанзија на ТНК; - Да ги препознаваат ефектите од функционирањето на ТНК врз повеќе основни економски варјабли: економски раст и развој, вработеност, развој на технолошките и иновациските капацитети; - Да го разбираат влијанието на ТНК врз билансот на плаќањето и структурата на трговијата преку разбирање на суштината на интрафирмената размена и трасферните цени; - Да го разбираат влијанието на ТНК врз пазарната структура, ефектот на прелевање и ефектот на додадена вредност; - Да го разберат влијанието на ТНК врз политички аспекти, културни аспекти и аспекти на општествена одговорност; - Да ги разбираат интерациските врски помеѓу ТНК и институциите во матичната земја и земјата-домаќин; - Да ги согледаат предизвиците со кои се соочуваат ТНК во современите услови на меѓународното економско опкружување и во услови на кризи.			
11.	Содржина на предметната програма: Предметот ТНК и глобалната економија овозможува разбирање на развојот и тековната позиција на транснационалните компании (ТНК) во глобалната економија и се концентрира на специфичните карактеристики на ТНК и нивната улога во меѓународните синџири на вредноста. Предмет на анализа се специфичните карактеристики и основните детерминанти на активноста на ТНК засновани на ревидираната ОЛИ парадигма. Понатаму, се разработуваат прашања што се однесуваат на домашната и екстерната перспектива на активностите на ТНК, меѓу другото и анализа на процесот на интернационализација на ТНК, заснован на пристапот на додадена вредност, како и на последиците од активноста на ТНК врз економиите на земјата домаќин и на матичната			

	земја. Во оваа смисла предмет на разработка ќе бидат вијанието на ТНК врз повеќе економски варијабли како: економскиот раст, вработеноста, развојот на човечкиот капитал, технолошкиот капацитет и потенцијалот за иновации, билансот на плаќања, структурата на трговијата, пазарната структура, ефекти на прелевање врз домашната економија и взаемното влијание. Стратешките избори на транснационални компаниите се проучуваат и преку студии на случај. Во таа смисла ќе се разработува и политиката на Македонија за привлекување СДИ и функционирањето на ТИРЗ со разработка на студии на случаи.				
12.	Методи на учење: Примена на методот на презентирање на основите содржински елементи преку системот Power Point; Присуство на гости-предавачи; Активно учество на студентите преку презентирање на студии на случаи.				
13.	Вкупен расположив фонд на време		7.5 ЕКТС x 30 часови=225 часови		
14.	Распределба на расположивото време		60+30+45+90 =225 часови		
15.	Форми на наставните активности	15.1.	Предавања- теоретска настава	60 часови	
		15.2.	Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа	30 часови	
16.	Други форми на активности	16.1.	Проектни задачи	45 часови	
		16.2.	Самостојни задачи	0 часови	
		16.3.	Домашно учење – задачи	90 часови	
17.	Начин на оценување				
	17.1.	Тестови		60%	
	17.2.	Индивидуална работа/проект (презентација: писмена и усна)		30%	
	17.3.	Активност и учество		10%	
18.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)	
			51 x до 60 бода	6 (шест) (E)	
			61 x до 70 бода	7 (седум) (D)	
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)	
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)	
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)	
19.	Услов за потпис и за полагање завршен испит		Присуство на настава		
20.	Јазик на кој се изведува наставата		Македонски		
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Интерна евалуација и анкета		
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Dunning, J., Lundan, S.	Multinational Enterprises and the Global Economy	Edward Elgar Publishing	2014
		2.	Antràs, P. and Chor, D.	Global Value Chains	National Bureau of Economic Research, Inc	2021

	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Ponte, S., Gereffi, G., Raj-Reichert, G.	Handbook on Global Value Chains	Edward Elgar Publishing	2019
		2.	Antràs, P., Yeaple, S., R.	Multinational Firms and the Structure of International Trade. Handbook of International Economics. in: Gopinath, G., Helpman, Rogoff, K. (ed.)	Elsevier	2014
		3.	Caves, R. E.	Multinational Enterprise and Economic Analysis	Cambridge University Press	2007
		4.	Antràs, P.	Global Production: Firms, Contracts, and Trade Structure	Princeton University Press	2016
		5.	Andrenelli, A., Cadestin, C., De Backer, K., Miroudot, S., Rigo, D., Ye, M.	Multinational Production and Trade in Services, *OECD Trade Policy Papers, No. 212*	OECD Publishing	2018
		6.	Cadestin, C., De Backer, K., Desnoyers-James, I., Miroudot, S., Ye, M., Rigo, D.	Multinational Enterprises and Global Value Chains: New Insights on the Trade–Investment Nexus, *OECD Science, Technology and Industry Working Papers, 2018/05*	OECD Publishing	2018